Ново Срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 151. Дата: 19. 11. 2012.

# Десет заблуди за христијанството (2)

Во претходниот број беа дадени некои примери за најраспространети, заблуди во светот. Но, постојат и заблуди кои се поврзани со христијанската вера. Веќе зборувавме за првата заблуда (во бр.150), а подолу ќе разгледаме уште една, распространета заблуда.

## Заблуда бр.2: „ Животот на христијаните е досаден и едноличен !?“

Кога некој млад човек бил запрашан дали сака да стане христијанин, тој одговорил: Кој, јас? Нема шанси! Немам намера целиот свој живот да го поминам, изолиран во својата куќа, или во некој манастир и по цел ден само да се молам, да ја читам Библијата и да одам на богослужби, каде што има само стари баби и се одржуваат досадни литургии.

Повеќето, така го замислуваат животот на побожните луѓе т.е. христијаните. Но ,тоа е уште една заблуда. Иако некои традиционални цркви создаваат таква слика за христијанскиот живот, вистинското (Библиско) христијанство воопшто не е такво.

Погледнете го само животот на Исус Христос. Тој не се затвори во некој манастир (иако повремено се повлекуваше насамо, за да се моли), туку секојдневно беше помеѓу луѓето, ги поучуваше, излегуваше во пресрет на нивните проблеми, ги предизвикуваше луѓето да го напуштат гревот, се соочуваше со непријателските, религиозни водачи и римјаните, постојано патуваше од град во град и имаше многу активен живот, полн со предизвици.



Сличен беше и животот на раните христијани. Тие покажуваа невидена храброст, спротивставувајќи се на гревот, идолопоклонството, вражањето...кои беа присутни во тоа време. Беа сметани за секта, па поради тоа беа прогонувани и постојано се селеа.

Но, од друга страна, беа омилени кај народот и преку нив, Бог правеше невидени чуда и исцеленија...

И денес, **христијанскиот живот е вистинска авантура**. Ако се молиш на Бог и ја бараш Неговата волја, секојдневно ќе се сретнуваш со луѓе на кои можеш да им помогнеш;ќе запознаеш нови пријатели, кои навистина ќе те ценат; ќе бидеш сведок на некои Божји чуда; ќе гледаш како криминалци, алкохоличари и разочарани луѓе, добиваат променети животи; можеби Бог ќе те употреби како мисионер во друга земја; понекогаш пак, ќе треба да покажеш храброст и да се спротивставиш на гревот, лицемерието, неправдата... Таквиот живот не е секогаш удобен, но со сигурност не е досаден и едноличен.



За жал, денес многумина живеат рутински живот, постојано вршејќи ги истите работи; Иако се нарекуваат христијани, нивниот живот е празен, бесцелен и безсмислен. Но, кога вистински би го предале својот живот на Христа, тој ќе биде променет, исполнет и осмислен. Тоа можат да го посведочат милиони луѓе кои одлучиле да живеат за Христос.

И самиот Исус ветува: *„Јас дојдов за да дадам живот и тоа живот, со сета негова полнота“* (Јован 10:10)

Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com